Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 312//0306
22.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 04.07.2025 година, врз основа на примена жалба од **ЈП Паркови и зеленило - Скопје,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Немам за леб, работиме без плати 4 месеци“ се жалат вработените во Комунална хигиена и Паркови и зеленило“,** објавен интернет порталот – онлајн медиум Ѓјурме.инфо (gjurme.info) на 07.06.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 13.06.2025 г., упати жалба за текстот со наслов **„Немам за леб, работиме без плати 4 месеци“ се жалат вработените во Комунална хигиена и Паркови и зеленило“,** објавен интернет порталот – онлајн медиум Ѓјурме.инфо (gjurme.info) на 07.06.2025 г., при што се жали на неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислења, вест со коментар и на пристрасност и неурамнотеженост при известувањето.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „тврдењата во текстот дека вработените немаат земено 4 месеци плата, се неточни, невистинити, тенденциозни и манипулативни бидејќи платата навремено се исплаќа и сите вработени во ЈП Паркови и зеленило имаат земено плата. Јавното претпријатие не доцни ниту еден месец со исплата на плата и не дозволува нејзините вработени, кои се приоритет, да ги остави без плата“.

До онлајн медиумот бил испратен и демант кој до момент на упатување на жалбата не бил објавен.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Немам за леб, работиме без плати 4 месеци“ се жалат вработените во Комунална хигиена и Паркови и зеленило“**,** објавен интернет порталот – онлајн медиум Ѓјурме.инфо (gjurme.info) на 07.06.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за наслов под кој се пласира вест за платите на вработените во две јавни претпријатија, што е тема од јавен интерес.

Изворот на веста е анонимно писмо од вработени кое медиумот се решил да го објави. Комисијата оцени дека при објавувањето на анонимни писма медиумите треба да бидат особено внимателни и да имаат одговорен пристап. Медиумот треба да направи проверка на веродостојноста на информациите, како и да информира за причините поради кои изворот бара анонимност, особено кога тврдењата се сериозни и можат да имаат големи последици.

Во овој случај медиумот ниту се обратил за проверка кај надлежните во двете претпријатија, ниту пак го објавил упатениот демант.

Оттука, Комисијата смета дека со таквото непрофесионално и неетично известување медиумот прекршил два члена од Кодексот на новинари на Македонија, членовите 1 и 3:

**Член 1**

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

> Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

*** * ***

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595